**Здружение на финансиски работници**
на локалните самоуправи и јавните претпријатија
Association of finance officers
of the local governments and public enterprises

Број: 0302-376
15.12.2021 година
Велес

До
Сектор / одделение за локални даноци и такси / финансии / правни работи

**Предмет**: Покана за работилница

Почитувани,

Здружението на финансиските работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија - Велес следејќи ги измените во законската регулатива во областа на локалните даноци и такси, како и изразените потреби и барања за меѓусебно континуирано информирање, размена на информации, искуства и зголемување на вештините, организира Online работилница за презентирање на актуелни теми и давање прецизни одговори и насоки за соодветно и законско постапување, на тема:

**„НОВИНИТЕ ВО ЗАКОНОТ ЗА ДАНОЦИТЕ НА ИМОТ – НАСОКИ ЗА ПРАВИЛНО И ЗАКОНСКО ПОСТАПУВАЊЕ“**

Усвојувањето на измените во Законот за **даноците на имот („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21)** иницираше потреба од организирање дискусија со експерти – професионалци од областа на локалните даноци и такси и обезбедување насоки за правилно и законско постапување.

Искористете ја можноста да учествувате на работилницата, да поставувате прашања, да дискутирате и да добиете стручни, компетенти и прецизни одговори и насоки за постапување од областа на:

- Ревизијата на пазарната вредност на недвижниот имот
- Даночните стапки во поглед на неискористен имот
- Даночните стапки по општини
- Даночната стапка на земјоделски земјишта
- Процената на пазарна вредност на имот
- Статусот со VIP постапките
- Измени во Законот за даноците на имот во контекст на дигитализација на процесите
- Ревидирањето на даночните ослободувањата
- Ревидирањето на статусот на даночните инспектори

како и други теми за кои ќе има интерес за дискусија.

Обезбедените квалитетни експерти-практичари: Ирена Василеска Шалевиќ и Ивана Ужевска, со своето долгогодишно искуство во областа на локалните даноци и такси, како и утврдените области кои се предмет на елаборирање и дискусија на работилницата и долгогодишната соработка со вас, претставуваат добра основа и мотивираност за ваше присуство и квалитетна работилница.

Работилницата ќе се одржи **на 22.12.2021 година**, со почеток **во 09.30 часот, On line** со користење на платформата **ZOOM.** Пожелно е учесниците да бидат регистрирани на платформата до 9.15 часот, за што непосредно пред почетокот на обуката ќе добијат корисничко име (user name) и лозинка (password). Работилницата ќе заврши во 14.15 часот. Учесниците на работилницата ќе добијат: **Сертификат за учество на работилницата.**

**Надоместокот за учество** на работилницата и добивање на материјалите по електронски пат, по учесник **изнесува само 3.500 денари со вклучен ДДВ**, кој можете да го уплатите на име на:
**Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија:**
**Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје**
**Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје**
**Даночен број МК 4004997107233**

Тел. ++389 43 230 623; ++389 43 230 625; e-mail zfrlsjpv@t.mk веб страна https://zfr.org.mk/
Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје; Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје Даночен број МК 4004997107233

Ве молиме да го пријавите Вашето присуство во канцеларијата на Здружението со доставување на пополнети Пријави за учество на работилницата на e-mail zfrlsjpv@t.mk или obuki_zfr@yahoo.com Формуларот за учество на работилницата и агендата се поставени на нашата веб страна https://zfr.org.mk/ За сите дополнителни информации обратете се во канцеларијата на Здружението на тел. 043/230-623, моб: 070/265-401, 071/335-930, 076/265-136 или преку e-mail zfrlsjpv@t.mk.

Ве очекуваме да ни се придружите и заеднички да ги разрешиме сите отворени прашања и дилеми поврзани со темите од работилницата.

Со почит,

**Извршен директор,**
м-р Зоран Јанкуловски

Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВЕЛЕС 2

**Прилог:** Агенда